**Министерот за култура Роберт Алаѓозовски денес оствари средба со делегација на Генералниот директорат на Државните театри на Република Турција, по што заедно со генералниот директор Мустафа Курт и министерот без ресор во Владата на Република Македонија Аднан Ќахил го посетија објектот на НУ Турски театар, којшто влегува во втора фаза на внатрешно уредување и техничко опремување што ќе се реализира во соработка со Генералниот Директорат на државните театри на Република Турција...**



При посетата на објектот на Турскиот театар, министерот Алаѓозовски ги информираше новинарите за преземените чекори за надминување на застојот во изградбата на

објектот што ги Министерството за култура.

„Продолжуваме со нашата политика на одглавување на капиталните проекти. Како што ги одглавивме Тетовскиот театар, зградата на Албанскиот театар и Македонската филхармонија, ова е уште еден објект кој треба да го ставиме во функција. Интерес на Министерството за култура е да се работи брзо во добра динамика за да може Турскиот театар да ги добие своите квалитетни услови за работа, но истовремено сите работи врз објектот да бидат изведени врз база на прецизни договори и квалитетно вградување на сите потребни материјали за што ќе разговараме со нашите пријатели од Турција Сѐ уште расплеткуваме неколку ситуации околу плаќањата, дали правилно се исплатени одредени фактури, дали одредени барања дадени на суд се исправни, објективни. Се надеваме дека во многу скоро време и тоа ќе го расчистиме за да можеме за втората фаза да стартуваме со чиста ситуација“, истакна Алаѓозовски.









